Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 81, 1 јуни 2012 година

јуни 2012 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А


**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор од наставно-научно подрачје техничко-технолошки науки, наставно-научно поле регулација и управување со технолошки процеси, наставно-научни области моделирање, симулација и анализа на комплексни контролни системи и техники за контрола и управување на дисконтинуирани и континуирани процеси на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научна област геохемија на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област интегрирана електроника и електронски компоненти на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент за научната област романистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-стручно звање лектор во наставно-научната област славистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 28

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (асистент) за наставно - научната област уставно право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 31

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Анатомија 1 за студентите по стоматологија“ од проф. д-р Ѓорѓи Шуманов и проф. д-р Елизабета Зисовска, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 35

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 39

**ИСПРАВКА** на техничка грешка ........ 40


Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ ПОМЛАД АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ РОМАНИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип на својата 54. седница, одржана на 5 март 2012 година, донесе Одлука за формирање на Рецензентска комисија за избор на соработник во звање ***помлад асистент*** за научната област ***романистика*** на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип во состав:

- д-р Радица Никодиновска – вонреден професор,
- д-р Александра Саржоска – вонреден професор,
- д-р Душко Алексовски – доцент.

По разгледувањето на приложените материјали, согласно со Законот и актите на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, Комисијата го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На Конкурсот, објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајм" на 15 февруари 2012 година, за избор на соработник во звање *помлад асистент* за научната област *романистика* се пријави само кандидатката **м-р Јована Марјан Караникиќ**.

Врз основа на член 142 од Законот за високото образование и член 131 од Статутот на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Рецензентската комисија ги разгледа пристигнатите документи и констатира дека кандидатката навремено ги доставила своите пријави со потребните документи, во предвидениот рок утврден во Конкурсот.

Комисијата детално ја проучи пријавата на кандидатката м-р Јована Караникиќ и ја утврди следнава состојба.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Јована Марјан Караникиќ** е родена на 26 мај 1985 година во Куманово. Средно образование завршува во гимназијата „Гоце Делчев" во родниот град. Во 2008 г. дипломира на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје на Групата за италијански јазик и книжевност при Катедрата за романски јазици и книжевности, со просек 9,88. Во 2010 година се стекнува со звање магистер по италијанистика, европски книжевни култури и јазични науки на Конзорциумот CLE во Болоња (Италија) со одбраната на магистерскиот труд насловен „Аспектот *културни разлики* во преводите од македонска книжевност на италијански јазик". Во учебната 2011 година е ангажирана како стручњак од практиката на групата Италијански јазик и книжевност за предметите: Италијанската книжевност на хуманизмот и ренесансата, Италијанскиот романтизам и книжевноста на XIX век и Италијански како странски јазик. Во учебната 2011/2012 година е ангажирана на следниве предмети: Фонетика на италијански јазик, Синтакса на италијански јазик 2, Италијанска поезија на XX век, Синтакса на италијански јазик 1, Италијанскиот романтизам и книжевноста на XX век и Италијанскиот роман на XX век.

***Студиски престој во странство***

Кандидатката м-р Јована Караникиќ има остварено студиски престој во странство во периодот од 20 септември 2008 до 23 јуни 2010 година во рамките на програмата за мобилност Еразмус Мундус на Европската унија.

Во периодот од 2 јули до 21 август 2007 година го посетува и успешно завршува напредниот курс по италијански јазик (ниво C1 и C2) при Universita' per stranieri во Перуџа, Италија. Престојот е овозможен преку стипендија од Амбасадата на Република Италија.

***Трудови објавен во зборник на трудови од стручен собир***

Кандидатката м-р Јована Караникиќ се занимава и со научноистражувачка дејност и како резултат на таа активност го објавила трудот „*Студиите на Лаура Салмон Коварски за превод на сопствените именки и нивна примена при превод од македонската книжевност на италијански јазик*", Годишен зборник на Филолошки факултет - Штип, Година 2, 2011 (255-263 стр.)

Трудот насловен „*L'aspetto culturologico dell'antroponimia letteraria nelle traduzioni della narrativa macedone in italiano*" ѝ е прифатен за објавување во меѓународниот зборник на трудови на Универзитетот во Пиза, Италија (in Il Nome nel testo, Atti del XVI Convegno internazionale di Onomastica e Letteratura, Università degli Studi di Pisa, 2011).

Кандидатката има изработено и поглавје во книга, посветено на македонската книжевност во Италија (Letteratura Macedone in Italia, in Storia delle letterature mondiali Carocci, Roma 2011 (во печат).

***Учество на научен собир со реферат во земјава и во странство***

М-р Јована Караникиќ во периодот од 24 до 26 ноември 2011 година учествува на XX конференција за ономастика и литература на Универзитет во Пиза, Италија, со излагање на тема „*Културолошки осврт на книжевната антропонимија во преводите од македонска наратива на италијански јазик*".

Таа, исто така, учествува на Proz.com - Регионална конференција за преведувачи и толкувачи од Балканот и земјите од ЈИЕ.

***Превод на книги***

Освен со научноистражувачка дејност, м-р Јована Караникиќ се занимава и со преведување на стручна и уметничка литература. Досега ги превела следниве дела:

- **„Училиште за балет: Сонување на прсти"** од Аурора Марсото,
  Просветно дело, Скопје, 2011;
- **„Училиште за балет: Нова ѕвезда"** од Аурора Марсото,
  Просветно дело, Скопје (во печат).

***Учество на семинари, обуки и тренинзи***

М-р Јована Караникиќ учествува во бројни меѓународни проекти, семинари, како и на тренинг-курсеви особено од областа на интеркултурата, европското граѓанство итн. Била тренер на работилници од областа на Интеркултурно учење во рамките на итнернационалниот "Colors of the Autumn", 19 – 22 октомври 2006 година во Чешке Будјовице, тренер и асистент на пилот-проектот «Active Weekend - Active Youngsters», тренер на Работилници за европско граѓанство и мултикултура за ученици од средните училишта од ЕУ во рамките на проекот "Festa dell'Europa" по повод Денот на Европа во Римини, Италија, 9-13 мај 2008 г. Таа била и координатор на проектите: "Young Citizens for Intercultural Europe; "You(th) Act for Rights"; "Short term visit for a long term cooperation MK – CZ"; "European Cultural Mosaic" ; "Art – our common language".

Интересот на кандидатката посебно е насочен кон креативниот развој на интеркултуриот дијалог преку театар и фасцилитација и групен процес во интеркултурни проекти.

***Стручни награди и признанија***

М-р Јована Караникиќ има добиено признание за најдобар дипломиран студент на Филолошки факултет „Блаже Конески" – Скопје за учебната 2007/2008 година (просек 9,88).

### ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложените материјали, разгледувајќи ги професионалните и научноистражувачките активности на пријавената кандидатка, Комисијата ја предлага м-р Јована Караникиќ за избор во соработничко звање *помлад асистент* за научната област *романистика* во согласност со следнава аргументација.

Кандидатката располага со пошироки познавања од областа на италијанската книжевност, цивилизација, интеркултура и јазик.

Кандидатката располага со педагошко искуство како стручњак од практиката по предмети од областа на италијанската книжевност и лингвистика.

Кандидатката, во рамките на нејзината образовна и стручно-апликативна дејност ги исполнува критериумите предвидени со Правилникот за избор во звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Врз основа на сето тоа, Рецензентската комисија има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет **да му предложи м-р Јована Караникиќ да ја избере во звање *помлад асистент*** за научната област *ромаинистика*.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Радица Никодиновска – вонреден професор, с.р.**
**Д-р Александра Саржоска – вонреден професор, с.р.**
**Д-р Душко Алексовски – доцент, с.р.**